У-6 бр.402/2018

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телеграфчиска претседател на советот, Рамије Цара и Ѓоко Живковски- членови на советот, со записничар Анета Стевановиќ - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот „РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје, преку полномошник Александар Јоанидис адвокат од Скопје, против Решението бр.10-348/5 од 06.06.2018 година донесено од Државната комисија за жалби по јавни набавки, на седницата на советот одржана на ден 22.10.2020година, согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот „РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје против Решението бр.10-348/5 од 06.06.2018 година донесено од Државната комисија за жалби по јавни набавки, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспорува законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на оваа пресуда, поради повреда на правилата на постапката и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Предлага судот оспореното решение да го поништи, жалбата на сега тужителот да ја уважи, Известувањето на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини бр.24-1540/8 од 15.05.2018 година да се поништи и да се повтори постапката за евалуација по одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални суровини бр.44-4483/1 од 26.09.2017 година.

Тужениот орган ги достави списите на предметот и во одговор на тужбата остана кон наводите на оспореното решение.

Судот најде дека тужбата на тужителот е неоснована.

Со оспореното решение, жалбата на сега тужителот, „РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје против Известувањето на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесии бр.24-1540/8 од 15.05.2018 година, донесено по Огласот за доделување концесии бр.2/2018 за набавка на вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини на концедентот Министерство за економија се отфрла како неплатена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT 10

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение Судот најде дека истото е законито.

Согласно член 37 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2006 и 150/2010), законитоста на оспорениот управен акт, судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 212 став 2 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија број 27/15...83/2018), подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надомест за водење на постапката.

Согласно член 213 став 1 од Законот за јавните набавки, доколку доставената жалба не ги содржи најмалку податоците од членот 212 став (1) алинеи 1, 3, 4, 5 и 9 на овој закон, Државната комисија ќе побара од подносителот да ја дополни жалбата и ќе одреди рок кој не може да биде подолг од пет дена.

Согласно член 220 став 1 алинеја 3 од истиот Закон, во постапката за правна заштита Државната комисија може да ја отфрли жалбата заради ненадлежност, недозволеност, неуреденост, ненавременост, поради тоа што е изјавена од неовластени лица и во случај на неисполнување на обврската од членот 212 став (2) на овој закон.

Од списите на предметот произлегува дека со оспореното решение жалбата на сега тужителот, против Известувањето на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесии бр.24-1540/8 од 15.05.2018 година, донесено по Огласот за доделување концесии бр.2/2018 за набавка на вршење на проспекциски геолошки истражувања на метолични минерални суровини на концедентот Министерство за економија се отфрла како неплатена. Наведеното откако тужениот орган од увидот во жалбата утврдил дека сега тужителот не доставил доказ за уплата на надомест за водење на постапката.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, имајќи ги предвид напред цитираните законски одредби и приложените докази, Управниот суд најде дека тужениот орган правилно постапил кога жалбата на сега тужителот ја отфрлил поради неисполнување на обрската од член 212 став 2 од Законот за јавните набавки. Судот најде дека уплатата на надомест за водење на постапка пред тужениот орган претставува задолжителен доказ кој треба да го приложи жалителот во постапка и за кој не е предвидена можност за уредување и дополнување согласно член 213 од Законот за јавните набавки.

При одлучувањето судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот, кој не спори дека не го платил надоместокот за водење на жалбената постапка, дека тужениот орган било потребно согласно член 229 став 2 од Законот за јавните набавки да ја утврди висината на надоместокот за водење на постапката и рокот во кој треба да се уплати, но истите не ги прифати како основ за поинакво одлучување од причина што наведениот член се однесува единствено на постапката по жалба во случај кога не е поднесена понуда,

додека во конкретниот случај сега тужителот учествувал во постапката со доставување на своја понуда пред првостепениот орган.

Со оглед на погоре наведеното, судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 22.10.2020 година, под У-6.бр.402/20189.

Записничар - судски соработник
Анета Стевановиќ

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.С.Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

НК/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
10
SHKUP
GJYKATA ADMINISTRATIVE
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
4